ДООЕЛ „МЕХАНОТЕХНИКА“
ДРУШТВО ЗА ИНЖЕНЕРИНГ, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ, УВОЗ-ИЗВОЗ БИТОЛА
Ул.„Браќа Мингови“ бб, комплекс АВРА
Тел.: +389 75 462 767, 75 462 797
500-0000002298-20 Стопанска Банка Битола
ДБ МК 4002992108603
e-mail: mehanotehnika@t-home.mk

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

## ЗА ИЗРАБОТКА НА
## Урбанистички проект за инфраструктура
## Нов 10(20) kV кабелски вод низ КП бр. 13994/1 и КП бр. 23967/1
## (КО Прилеп) – Општина Прилеп

**Изработувач**: „Механотехника” ДООЕЛ Битола

**Инвеститор**: ЕВН МАКЕДОНИЈА АД., СКОПЈЕ

Март, 2025

МЕХАНОТЕХНИКА БИТОЛА ДООЕЛ

**ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е1.8 - Нов 10(20) kV кабелски вод низ КП бр. 13994/1 и КП бр. 23967/1 (КО Прилеп) – Општина Прилеп**

## 1. ВОВЕД

Со предметната документација се предвидува изградба на Нов 10(20) kV кабелски вод помеѓу постоечка ТС 10(20)/0,4 kV ,,Пошта" и ТС 10(20)/0,4 kV ,,Уред" во (КО Прилеп) – Општина Прилеп, согласно приложена документација и во се согласно позитивна законска регулатива.
Почетна точка на среднонапонскиот кабелски вод е спојница со постоечки кабел на КП бр. 13994/1 (КО Прилеп) – Општина Прилеп, додека крајна точка е исто така спојница со постоечки кабел на КП бр. 23967/1 (КО Прилеп) - Општина Прилеп. Среднонапонската кабелска траса е со должина од околу 212 метри, изведена со кабел тип NA2XS(F)2Y 3x1x400 $mm^2$. Планираниот нисконапоски извод целосно се протега низ КП бр. 13994/1 и 23967/1 (КО Прилеп) – Општина Прилеп. На места каде што кабелскиот вод се вкрстува со улицата и веќе постоечки инсталации, предвидени се заштитни дебелоѕидни цевки со пресек Ø160 мм, кои ќе служат за заштита на кабелот од механички удари и напрегања.

### 1.1 Опис на проектниот опфат:

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистичкиот проект за инфраструктура се наоѓа на територијата на Општина Прилеп, (КО Прилеп) низ КП бр. 13994/1 и 23967/1. Проектниот опфат на вака предложениот У.П. има површина од 0.02 ха. Границата на планскиот опфат претставува затворена линија со прекршни точки.

### 1.2 Проектни барања за градбите во рамките на проектниот опфат:

Урбанистичкиот проект за инфраструктура треба да биде изработен во согласност со:

Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25).

При изработката на Урбанистичкиот проект за инфраструктура задолжително треба да се прибават потребните податоци и информации согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. В. На РМ 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25).

На Урбанистичкиот проект задолжително треба да биде извршена Стручна Ревизија, согласно член 62, став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25).

Задача на планската документација е изработка на урбанистички проект за инфраструктура, за изградба на нов среднонапонски вод со која ќе се постигнат следните цели:

- рационално користење на земјиштето;
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;
- оформување препознатлива амбиентална целина;
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство;

- вградување на заштитни мерки;почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;

Основа за изработка на Урбанистичкиот проект за инфраструктура се следните документи:

Изводот од план

Ажурирана геодетска подлога

Проектна програма

Урбанистичкиот проект за инфраструктура ќе се изработи согласно методологијата пропишана во важечката законска и подзаконска регулатива:

Закон за урбанистичко планирање (Сл.в на РМ 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25)

Правилник за урбанистичко планирање (Сл.в на РМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25)

1.3. Проектни барања за инфраструктурата:

Со Урбанистичкиот проект за инфраструктура да се решат приклучните точки на основните водови на инфраструктурата во согласност со изводот од план и мислењата од надлежните јавни комунални претпријатија.

***

Изработувач на Проектната програма за Урбанистички проект за инфраструктура: Љупчо Стојчев д.и.а овластување бр. 0.0221

Инвеститор
ЕВН МАКЕДОНИЈА АД, СКОПЈЕ